Уп. Бр.08-124/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги, со седиште на Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 04.10.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги, со седиште на Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска има намера да стекне самостојна контрола над Експанд Д Рум ЛЛЦ (EXPAND THE ROOM LLC), со регистрирана адреса на 614 Н ДУПОНТ ХВУ СУИТЕ 210, Довер, Делавер, САД по пат на директно стекнување на 100% од капиталното учество, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 17.08.2023 година, а дополнето на 23.08.2023 година, 07.09.2023 година и на 12.09.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги, со седиште на Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска (во понатамошниот текст: Инфинум д.о.о) со која Инфинум д.о.о има намера да стекне самостојна контрола над Експанд Д Рум ЛЛЦ (EXPAND THE ROOM LLC), со регистрирана адреса на 614 Н ДУПОНТ ХВУ СУИТЕ 210, Довер, Делавер, САД по пат на директно стекнување на 100% од капиталното учество.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Инфинум д.о.о. .** е дигитална агенција која врши услуги на развој на веб програмски решенија, за Android оперативен систем и iOS оперативен систем. Покрај својата примарна деловна активност која е компјутерско програмирање, Инфинум д.о.о. врши и услуги на консалтинг, дизајн, креирање бренд за друштва и производи, дизајн на апликации за кориснички интерфејс (UI), подобрување на апликации за корисничко искуство (UX) и обезбедува и проверува квалитет на дигитални производи.

Клиентите на Инфинум д.о.о. се во опсег од стартапи поддржани со вложување до глобални претпријатија.

Во Северна Македонија, Инфинум д.о.о. има едно регистрирано зависно друштво

– Друштво за производство, трговија и услуги ИНФИНУМ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.13, 1000 Скопје и со регистрираната приоритетна дејност останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите.

Активностите на **Експанд Д Рум ЛЛЦ** се состојат претежно од дигитален маркетинг и дизајн и развој на ИТ производи. Експанд Д Рум ЛЛЦ им обезбедува на своите клиенти ИТ производи и услуги за дигитален маркетинг низ целиот процес од имплементацијата на производот до конечното извршување, што може да се категоризира во три фази:

-стратегија (како што се: Сеопфатна ревизија на производот, Истражување на корисниците, Анализа на конкурецијата, Креативен дизајн, Барања за производот),

-) имплементација (како што се: Дизајн на корисничко искуство (User Experience (UX)), Визуелен дизајн (Visual Design (UI)), Изработка на прототип, Индивидуален дизајн на апликации, Миграција на содржина, Видео продукција), и

-ангажман за развој и пораст (Анализа + Следење на цели, Стратегија за дигитален маркетинг, Управување со платено пребарување, Платен социјален менаџмент, Развој на производот, Следење на трендовите).

Експанд Д Рум ЛЛЦ креира и развива веб-страни и апликации по сопствена мерка кои се дизајнирани да ги мерат клучните индикатори за перформанси (KPI) и да испорачуваат стапка на инвенстиции (ROI). ЕДР, исто така, им помага на клиентите да ги оптимизираат своите нови производи преку стратешки маркетинг стратегии кои ги следат нивните нови податоци и KPI.

Експанд Д Рум ЛЛЦ нема поврзани друштва регистрирани во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**